Влада на Република Северна Македонија

Бр. 4401-17/33

# З А П И С Н И К

од Триесет и третата  седница на Владата на Република Северна Македонија

одржана на 2 април 2020 година

**Скопје, април 2020 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 април 2020 година**

Седницата започна во 11:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Хусни Исмаили, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 28-та седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 25 март 2020 година

- Усвојување на Записникот од 31-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 март 2020 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

Информација за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со извештаи за 31.3.2020 година и 1.4.2020 година – сумарен

1. Записник од Шеснаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 1 април 2020 година

2. Записник од Седумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 2 април 2020 година

3. Информација за донесување одлука за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Центарот за управување со кризи, со Предлог - одлука

4. Предлог - одлуки за давање согласност на решенија за отстапување на одземени предмети (разна стока) во кривична и прекршочна постапка

5. Годишна сметка за 2019 година и Годишен извештај за работењето за 2019 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија

6. Информација за дообезбедување на средства за реализација на Проектот за адаптација на куглана во спортска сала „Боро Чурлески“ во Општина Битола

7. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба

8. Информација со Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за градење за време на вонредна состојба

9. Информација со Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вонредна состојба

10. Информација со Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за гробишта и погребални услуги за време на вонредна состојба

11. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за утврдување на цени за водни услуги за време на вонредна состојба

12. Предлог - уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година

13. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година

14. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

15. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година

16. Информација со предлог мерки за рационализација на постапките за јавни набавки поради последиците од епидемијата со Коронавирус COVID-19

17. Предлог - одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

18. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за инспекциски надзор за време на вонредна состојба

19. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства

20. Предлог - уредба со законска сила за јавнообвинителските службеници, истражителите и другите вработени во јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и за финансирање на јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите

21. Предлог - уредба со законска сила за измена на Законот за облигационите односи за време на вонредна состојба

22. Предлог - уредба за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа

23. Предлог - уредба со законска сила за интервентна набавка на средства за дезинфекција со цел спречување на последиците од Коронавирусот COVID-19 за време на вонредна состојба

24. Информација за завршна реализација на ветинг процедурата за персоналот од Министерството за одбрана упатен во Мисијата на Република Северна Македонија во НАТО, Брисел, Кралство Белгија

25. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за учебници за основно и средно образование за време на вонредна состојба

26. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба

27. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба

28. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба

29. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба

30. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија за време на вонредна состојба

31. Предлог - уредба со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба

32. Кадровски прашања

33. Прашања и предлози

34. Предлог - уредба со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено - економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на финансиска помош за месеците април и мај 2020 година

35. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за јавните претпријатија за време на вонредна состојба

36. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Синадиновска против Северна Македонија, А.бр.27881/06

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 28-та седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 25 март 2020 година и Записникот од 31-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 март 2020 година.

*

*   *

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

Информација за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со извештаи за 31.3.2020 година и 1.4.2020 година - сумарен

Владата ја разгледа Информацијата за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со Извештаи за 31.3.2020 и 1.4.2020 година - сумарен, како материјал за информирање.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Шеснаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 1 април 2020 година. Истовремено, во однос на изнесувањето на јагнињата од Дебар, со цел нивно продавање, Владата заклучи истите да бидат изнесени со возачи од Дебар за кои ќе биде издадена посебна дозвола за оваа намена, со заштитен конвој на камиони согласно протоколите на Министерството за здравство што се применуваат и за другите производствени капацитети на ова подрачје или да бидат изнесени преку штафетен истовар и утовар.

**Точка 2**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Седумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 2 април 2020 година.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување одлука за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Центарот за управување со кризи, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Центарот за управување со кризи, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ да бидат на товар на Центарот за управување со кризи

**Точка 4**

Владата по Решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда/одлука (разна стока), со предлог-одлуки за давање согласност на решенија, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Ј.П “Охридски Комуналец” Охрид (неткаен материјал), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на ЈЗУ Здравствен дом-Вевчани (неткаен материјал), во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на општина Шуто Оризари (памучна ткаенина), во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈЗУ Здравствен дом-Вевчани (памучна, синтетичка и свилена ткаенина), во предложениот текст.

## Точка 5

Владата по Годишната сметка за 2019 година, Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија во 2019 година и Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2019 година, со предлог - одлуки за давање согласност ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје во 2019 година.

3. Не ја донесе Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2019 година, со заклучок предлагачот за наредната седница на Владата да достави нова изменета Одлука за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2019 година, претходно донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, во насока од средствата остварени со работењето за Јавното претпријатие да се распореди т.е. задржи само Општата задолжителна резерва (5%), а остатокот од средствата до 100 милиони денари Јавното претпријатие да ги уплати во Буџетот на Република Северна Македонија.

За оваа цел, се задолжува Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје до Владата да достави изменета Годишна инвестиционата програма за 2020 година, претходно донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, за одобрување од Владата.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за дообезбедување на средства за реализација на Проектот за адаптација на куглана во спортска сала „Боро Чурлески“ во Општина Битола и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт дополнителните средства во висина од 1.563.000,00 денари да ги обезбеди од Буџетот за 2020 година.

2. Се предвидува следнава динамика на плаќање по години:

- 6.563.000,00 денари за 2020 година и
- 8.000.000,00 денари за 2021 година.

**Точка 7**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба.

**Точка 8**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за градење за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за гробишта и погребални услуги за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за утврдување на цени на водните услуги за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година, во предложениот текст.

Уредбата е донесена со еден глас против.

**Точка 13**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Предлог-програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година.

**Точка 15**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Предлог - програмата за изменување на Програмата за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог мерки за рационализација на постапките за јавни набавки поради последиците од епидемијата со Коронавирус - COVID 19 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа и другите институции од јавниот сектор да ги поништат постапките за јавни набавки на стоки и услуги кои се непродуктивни расходи (мебел, возила, опрема и слично) и не се неопходни за вршење на нивната основна дејност, а кои во моментот на донесување на овие заклучоци се до фазата на одлука за избор, односно да се во тек и за истите да не се потпишува договор до утврдување на ребалансот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Ова не се однесува на набавки на институциите кои се во функција на справување со новонастанатата состојба.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа и другите институции од јавниот сектор да не отпочнуваат постапки за јавни набавки на стоки и услуги кои се непродуктивни расходи (мебел, возила, опрема и слично) и не се неопходни за вршење на нивната основна дејност до крајот на 2020 година, а по исклучок доколку постои неопходна потреба од некоја јавна набавка да се спроведе исклучиво по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Бирото за јавни набавки преку Министерството за финансии да ја информира Владата со преглед на објавените огласи за јавни набавки на месечна основа.

4. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа и другите институции од јавниот сектор да не потпишуваат договори и да не започнуваат постапки за јавни набавки, се до утврдување на Предлог-одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите.

## Точка 17

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за инспекциски надзор за време на вонредна состојба.

## Точка 19

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за јавнообвинителските службеници, истражителите и другите вработени во јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и за финансирање на јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите со заклучок Министерството за правда да го усогласи текстот на Уредбата, во смисла, во членот 3 од Уредбата додатоците на плати да изостанат (да се избришат).

**Точка 21**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за облигационите односи за време на вонредна состојба (најнов текст) и ја донесе Уредбата со заклучок Министерството за правда да го усогласи текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 22**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа .

**Точка 23**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за интервентна набавка на средства за дезинфекција со цел спречување на последиците од Коронавирусот (COVID -19) за време на вонредна состојба, на предлог на предлагачот, за седницата на Владата што ќе се одржи на 3 април 2020 година (петок), поради потребата текстот на Предлог-уредбата да се усогласи со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за завршна реализација на ветинг процедурата за персоналот од Министерството за одбрана упатен во Мисијата на Република Северна Македонија во НАТО, Брисел, Кралство Белгија, ја усвои и го задолжи Министерството за одбрана во координација со Службата за општи и заеднички работи на Владата, да обезбеди транспорт на релација Скопје-Брисел-Скопје за тимот за ветинг на припадниците на Министерство за одбрана во Постојаната мисија на Република Северна Македонија во НАТО со користење на воздухопловот во сопственост на Владата на Република Северна Македонија, на трошок на Министерството за одбрана.

**Точка 25**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за учебници за основно и средно образование за време на вонредна состојба, со заклучок да се усогласи текстот на Уредбата.

**Точка 26**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба, со заклучок да се усогласи текстот на Уредбата.

По овој повод, Владата заклучи да се подготви Предлог–уредба со законска сила со која правно ќе се нормира искористувањето на годишните одмори за 2019 и 2020 година за административните службеници.

**Точка 29**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вондредна состојба и ја донесе Уредбата со заклучок Министерството за труд и

социјална политика да изврши усогласување на текстот на Уредбата со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 32

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 33

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 23.3.2020 година до 29.3.2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за прогласување на кризна состојба на дел од нејзината територија, во општините Дебар и Центар Жупа за справување со ширењето на корона вирусната зараза COVID- 19 за периодот од 20 март 2020 година до 26 март 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 34

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено - економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на финансиска помош за месеците април и мај 2020 година со заклучок предлагачот текстот на Уредбата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 35

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - уредбата со законска сила за примена на Законот за јавните претпријатија за време на вонредна состојба.

## Точка 36

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Синадиновска против Република Северна Македонија, А.бр.27881/06 и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Средства од Буџетот на Република Северна Македонија во вкупен износ од 4.530 евра да бидат исплатени, најдоцна до 13 април 2020 година.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:20 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |